# КАРПОШ
## неделен
## Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
19 - 25 март 2018 година Број : 299

# МЕМОРАНДУМ ЗА ЕКОНОМСКО И ОБРАЗОВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАРПОШ

Во насока на зајакнување на образованието, економскиот и културниот живот на локално ниво, Општина Карпош склучи Меморандум за соработка со Институтот за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ – Скопје.
Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев посочи дека Општината во изминатиот период склучи повеќе меморандуми, со цел е да се зајакне соработката со различни здруженија и организации кои во својот делокруг на работење ја имаат и локалната самоуправа.

- Целта на потпишувањето и на денешниот Меморандум е да покажеме дека во Карпош се чувствува една поинаква енергија и подготвеност да се соработува со интелектуалци, истакнати универзитетски професори, асоцијации и здруженија на различни полиња од општественото живеење, рече Богоев.
Претседателката на Институтот, д-р Елизабета Томевска Илиевска посочи дека ова здружение во изминатиот период работеше на вмрежување со повеќе институции и единици на локалната самоуправа.

Начините за соработка меѓу страните – потписнички на Меморандумот се најразновидни: заедничко аплицирање на проекти, организација на работилници и на тематски конференции, истражувања и анализи кои ќе бидат корисни за Општината во процесот на креирањето на политики и проекти кои би влегле во буџетските програми.
Присутните заклучија дека особено значење ќе имаат активностите од областа на образованието и вклучување на наставниот кадар и учениците во детектирање на секојдневните проблемите во едукативниот процес.



# „ РОДОВА“ ДЕБАТА ЗА ПОГОЛЕМА ИНКЛУЗИВНОСТ

Во Општина Карпош, се одржа дебата помеѓу Здружението за унапредување на родовата еднаквост „ Акција Здруженска- Скопје“ во соработка со Здружението за еднородителски семејства „ Една може“. На дебатата именувана како „ Кон родово инклузивен буџет во Општина Карпош“ присуствуваа претседателката на Комисијатаза еднакви можности на жените и мажите при Советот на Карпош- Билјана Костова, координаторката за родова еднаквост во Општина Карпош Евантија Стојановска, како и советници од Советот на Општина Карпош и вработени во општинската администрација.

Извршната директорка на „ Акција Здруженска –Скопје“, Марија Савовска истакна дека основната цел на оваа дискусија е идентификување на начините со кои ќе се унапредат процесите на планирање и на донесување на одлуки со општинските власти, да бидат транспарентни, инклузивни и во корист на жените од локалната заедница.

-Емпириските податоци, кои како здружение сме ги добиле говорат дека од 900 тини анкетирани жени во 11 општини во Република Македонија, само една знаела колкав е буџетот на нејзината локална самоуправа, а неколку жени учествувале во креирање на буџетските ставки. Ова се секако поразителни податоци, околу неучеството на жените-граѓанки во носењето на локалните буџети, нагласи Савовска.

Според неа главната цел на Здружението е зголемување на транспарентноста при носењето на локалните буџети, вклучувањето на жените во изготвувањето на програмите за родова еднаквост, прифаќање на повеќе буџетски ставки за подобрување на положбата на жената во една локална самоуправа.

Дискутантите на денешната дебата, истакнаа дека треба континуирано да се подобрува статусот на жената во општеството како и во локалната заедница, сé со цел истите да бидат родово рамноправни граѓанки, свесни за предизвиците и проблемите со кои се соочуваат во една локална самоуправа. Дебатерите, потенцираа дека во иднина потребна е координирана активност на локалните власти, невладините организации и здруженија, граѓанки и поединци, во насока да се подобри статусот на жената во општеството и во локалните заедници.



# РАКОМЕТАРИТЕ ОД ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ УЧЕСНИЦИ НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО



Основците од ООУ „ Христијан Тодоровски- Карпош“, успеаа да ја обезбедат првата позиција на територијата на Град Скопје, и се пласираа на државното првенство во ракомет. Во разигрувањето со четири победи во низа , основците од Христијан Тодоровски- Карпош без ниту еден пораз, се искачија на победничкиот пиедестал , и ќе бидат репрезенти од Скопје на националното првенство. Со борбен дух, пожртвувана тимска игра, со максимално залагање, учениците покажаа спортски квалитет, со кој ќе бидат достојни претставници на Општина Карпош на државното првенство.

Локалната самоуправа, во континуитет вложува во развојот на талентираните спортисти и ученици од територијата на Општина Карпош, се со цел, учениците да го развиваат својот спортски дух и талент, и да постанат врвни професионални спортисти на државно или интернационално ниво.

# ЕКО – ДЕН ЗА ЧИСТИ УЧИЛИШТА И ЗЕЛЕН КАРПОШ

Еко акции, работилници за селектирање на отпад и изработка на креативни предмети, едукативни предавања, чистење на училишните дворови беа само дел од активностите на учениците од основните училишта во Карпош, со кои го одбележаа Денот на пролетта и екологијата.
Во основното училиште "Војдан Чернодрински" се одржа интерактивно предавање со дел од учениците на кое учествуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.
Учениците даваа теоретски одговори на прашањата за рециклирање и компостирање на отпад, но се вклучија и со практични примери од секојдневието како паметно да ги користиме пластичните амбалажи, старата облека или хартија.

Основците ја истакната потребата од поголемо користење на велосипедот како превозно средство со кое директно влијаеме врз намалувањето на загадувањето и придонесуваме за подобрување на нашето здравје.
Градоначалникот Богоев посочи дека од примарно значење е секој да биде одговорен за заштита на животната средина. Само со здружени сили и работење на свеста кај сите граѓани можеме да придонесеме за почиста општина и создавање вистинска еко заедница.
По посетата на "Војдан Чернодрински", Богоев присуствуваше и на еко работилниците во основното училиште "Аврам Писевски" во Бардовци, каде што се изработуваа украсни цветови од хартија и пластика,се цртаа цртежи со еколошки теми и пишуваа креативни раскази за начинот на спас на планетата Земја..
Во дворот на ова училиште е предвидено засадување на нови садници и оплеменување на просторот со нови цвеќиња и зеленило, со цел да се добие градина за која одговорни ќе бидат учениците, посочи дел од наставниот кадар на училиштето. Еко акции, работилници за селектирање на отпад и изработка на креативни предмети, едукативни предавања, чистење на училишните дворови беа само дел од активностите на учениците од основните училишта во Карпош, со кои го одбележаа Денот на пролетта и екологијата.
Во основното училиште "Војдан Чернодрински" се одржа интерактивно предавање со дел од учениците на кое учествуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.
Учениците даваа теоретски одговори на прашањата за рециклирање и компостирање на отпад, но се вклучија и со практични примери од секојдневието како паметно да ги користиме пластичните амбалажи, старата облека или хартија.
Основците ја истакната потребата од поголемо користење на велосипедот како превозно средство со кое директно влијаеме врз намалувањето на загадувањето и придонесуваме за подобрување на нашето здравје.



# „ ЦРВЕНА СИЈАЛИЧКА“ ЗА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

По повод одбележувањето на Светскиот ден на планетата т.н. „ Час на планетата Земја“, во училишните простории на ООУ „ Петар Поп Арсов“ се одржа креативна работнилница во соработка со ЗГ „Центар за климатски промени“ и друштвото „Елколект“. Учениците од прво до трето, и од седмо до деветто одделение , изработуваа „ соларни печки“, глобус, хранилки за птици, ветерен парк.

Целта на оваа работна акција е во пресрет на Светскиот ден на планетата Земја да се подигне свеста кај луѓето, симболично да се запали „црвена сијаличка“, односно аларм за спас на нашата планета, особено кај повозрасните, за потребата од поголема грижа и заштита на единствената планета на која живееме.
Сите рачни изработки, креативни предмети, кои ќе бидат изработени од учениците, од петок наутро, па до недела вечер, ќе бидат изложени во трговскиот центар „ Сити Мол“, на почетокот на влезот.

Основците се надеваат дека со оваа нивна креативна акција, ќе придонесат за подигнување на свеста за потребата од поголема заштита на животната околина и кај своите врсници, како и кај повозрасните сограѓани.



# „ЗЕЛЕН ПАТРОНАТ“ НА ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“

“Дрвја садиме – парк на пријателство градиме” е мотото под кое се одржа Денот на училиштето на основното училиште “Јан Амос Коменски”, во Тафталиџе 1.
Во период кога загадувањето и уништувањето на природата претставува глобален проблем, учениците од Коменски решија да делуваат локално и на конкретен начин да покажат грижа за својот училишен двор во кој поминуваат голем дел од своето време.Имено, се засадија нови дрвца во предниот дел од училиштето, а овој простор дополнително ќе се оплемени и со нови цветни садници штом се подобрат временските услови.

Во соработка со “Пакомак“,“Нула Отпад” и „Елколект“ се постави и нова урбана опрема, вело остров и пункт за собирање на електронски отпад.
Преку оваа еко - акција, уште еднаш се потврди дека ова училиште е заслужен добитник на „Зелено знаме“ и е прогласено за еко училиште.
На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој напомена дека разеленувањето на училишните дворови е приоритет и на локалната самоуправа.

- Ќе работиме на дополнително зголемување на зеленилото и во дворовите на другите училишта, кои ќе прераснат во убави градини или спортско рекреативни центри. Навиките се стекнуваат од најрани години, а преку ваквите акции се развиваат креативните способности на најмладите, кои покрај совладување на наставниот дел од училишната програма, треба да делуваат и во насока на заштита на природата и други сегменти од општественото живеење, рече Богоев.

На настанот присуствуваше и Амбасадорот на Чешка во Република Македонија, Мирослав Томан, од чија земја потекнува големиот образовен и верски водач чие име го носи ова наше училиште, кој се осврна на ликовната изложба презентирана во аулата на училиштето, со мотиви од чешката култура.

Првичниот објект на училиштето “Јан Амос Коменски” е донација од поранешна Чехословачка, веднаш по земјотресот во 1963 година, поради што и го носи името на истакнатиот чешки филозоф, учител и едукатор.



# ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ВО КАРПОШ

Викендов(24-25март), во Општина Карпош, се спроведуваше хуманитарната акција "Подај рака, донирај за твојот сосед". Всушност, пред поголемите маркети во Општината се поставени штандови на кои граѓаните може да донираат дел од купените производи за социјално најзагрозените граѓани кои живеат на територија на Карпош.

Акцијата се спроведува од 09:00 до 13:00 часот, пред маркетите:

- Гранап (Карпош 3);
- Тинекс (Карпош 2 кај Драмски, Карпош 3, Карпош 4 и Злокуќани);
- Кам маркет (Влае 1 и Влае 2, Тафталице и Козле);
- Стокомак (Карпош 2 кај Драмски и Карпош 4);
- Веро (кај Педагошка).

Својата донација денеска ја даде и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со дел од советниците од Советот.

Богоев донираше повеќе прехранбени продукти, на штадот пред Веро маркет.

Во оваа прилика, тој ги повика сите карпошани масовно да се приклучат на акцијата и да донираат за своите сограѓани, со цел достоинствено да ги поминат Велигденските празници.

- Нашата хуманост и солидарност треба да ја покажуваме секојдневно. Овие акции не го решаваат проблемот на траен начин, но овозможуваат барем за момент повеќе граѓани да се чувствуваат посреќно и поспокојно, особено во празничните периоди на годината. Тоа што е примарна цел на Општината е раздвижување на економијата на локално ниво, преку повеќе инвестиции во периферните и рурални делови на Карпош, со што, би се овозможило и вработување на граѓаните кои се соочени со невработеност и сиромаштија, рече Богоев.

Оваа хуманитарна акција ќе продолжи и во текот на утрешниот ден. Потоа, сите производи ќе се складираат и рамномерно ќе бидат доделени на граѓаните на кои им е најмногу потребно.




## КАРПОШ - ДОМАЌИН НА СВЕТСКАТА ШАХОВСКА ЕЛИТА

На 24ти март се отвори осмото издание на меѓународниот шаховски турнир Карпош Опен 2018. Повеќе од 160 натпреварувачи, од повеќе земји во светот во следните осум дена ќе водат битка за „најсјајните" одличја и награди во овој спорт.

Во хотелот „Александар Палас" каде што следната недела ќе се одржува овој реномиран шаховски турнир забележително беше присуството на многу млади натпреварувачи, карпошани, кои со своите осум или девет години ќе се „борат" рамо до рамо со поискусните и поафирмирани шаховски имиња до Македонија и од светот..

Турнирот го отвори градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој ,меѓудругото, го повлече и првиот потег на шаховската табла со што го означи и официјалниот старт на годинешното издание на Карпош Опен 2018. Општина Карпош е еден од главните покровители на овој настан и навистина голема е чест да бидеме центар на шаховската елита, место каде што овие денови се спојуваат младоста, искуството, талентот, напорната работа и шаховското велемајсторство, рече Богоев.
Во своето обраќање, градоначалникот говореше и за можностите кои ги нуди Општината и Градот Скопје за сите натпреварувачи.

Покрај натпреварувачкиот дел, учесниците ќе имаат можност да уживаат во убавините на Карпош, да посетат дел од знаменитостите кои ја прават оваа Општина една од најурбаните во Скопје.

Свои обраќања имаа и Зоран Стојчевски, од шаховскиот клуб Гамбит Асеко СЕЕ, како и претседателот на Шаховската федерација на Македонија Благоја Богоевски.




HOTEL
ALEKSANDAR

# ЧАСОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА ВО КАРПОШ

Општина Карпош се приклучи на вечерниот настан "Часот на планетата Земја", глобална акција за подигнување на јавната свест за заштеда на електрична енергија.

Во времетраење од еден час се изгаснаа 80 светилки на плоштадот "Пеце Божиновски Кочо", спроти студентскиот дом Гоце Делчев.
Во акцијата се приклучија и младите волонтери од Црвениот Крст кои со свеќички го формираа знакот 60+ , со цел акцијата да биде повидлива и да допре до поголем број на граѓани.

Во текот на денот, во дворот на Општинската организација на Црвен Крст - Карпош се засадија и неколку садници, за дополнително разеленување на Општината и заштита на животната средина.

